ИЗЛОЖБИ

8-XII-74

# СПЕКТАР ОД ЛИКОВНИ НАСОЧЕНОСТИ

## КОН ЈУБИЛЕЈНАТА ИЗЛОЖБА »30 ГОДИНИ ДЛУМ« ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ

Годинашнава традиционална ликовна изложба на ДЛУМ е во знакот на триесет години слободно уметничко творење кај нас. Овој значаен јубилеј сам по себе ја кажува важноста и местото на ликовното творење во Македонија, потврдувајќи ги познатите вредности на афирмираните уметници навестувајќи млади и свежи сили во разни области на уметноста. Како посебно убав и пригоден гест е отстапувањето дел од изложбениот простор на основоположниците на современата македонска уметност: автопортретите на Лазар **Личеноски, Никола Мартиноски, Ристо Лозановски, Томо Владимирски, Василие Поповиќ — Цицо** и **Кирил Караџа,** додека **Димитар Пандилов** е преставен со извонредното масло „Железничка станица". Инаку, оваа постановка е впечатлива по својата стилска разновидност и избор на техника во која се изразуваат авторите. Немајќи можност да ги видиме најновите остварувања на уште голем дел уметници, членови на ДЛУМ, сепак, и овие прикажани творби можат да го презентираат главно сето она што се работи кај нас. **Франговски** (со повеќе стабилност) и **Симон Шемов** прикажуваат нови варијанти на нивната позната нова фигуративност. Што се однесува за тоа ново сфаќање на предметноста по индивидуалниот третман се одделува **Трајче Јанчевски,** кој со трпелива обработка во придушена гама на кафеаво — зеленкасто — црвено, обичните мотиви ги „облекува" во некаков техницизиран—метален ред и сјај.**Васко Ташковски,** добитник на годинашнава награда „Нерешки мајстори" во своите апокалиптични, морничави космички, визии, битно е заинтересиран за судбината на човекот во ова атомско време. **Кирил Ефремов** со нешто потенцираниот флуид на метафизичкото, надреализам прилагоден на нашите услови, **Владимир Величковски — Кумански** со надреалистичка студија, **Славољуб Игњатовиќ,** кој има посебен респект кон ренесансните мајстори во изразувањето на надреалистичкиот амбиент и **Благоја Николовски** со нешто стивната нападност на своите тегобни платна, се уметници кои останууваат и натаму во доменот на тој влијателен правец во уметноста. **Ристо Мијаковски** кој цврсто се држи за „робијашката" им се придружуваа поубедливиот **Димитар Гаспаров.** Покрај нив свои творби презентираа: **Петар Георгиевски** со имагинарните предели, **Петар Спировски** со плошно решени колористички пејсажи, **Јован Петров,** кој донесе симпатична, интимна илустративност и **Борислав Трајковски** со неговите цвеќиња. Свои „сонливи визии" изложија:**Борислав Талевски, Ангел Петров** и **Јонче Симонче,** додека со други фигуративни платна зедоа учество: **Ѓорѓи Даневски, Павле Кузмановски, Петар Николовски, Исени Реџаи, Лазар Спасеновски, Адем Кастрати** и **Катја Ефтимова.** .

**НАКЛОНЕТОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ УМЕТНИК** кон графичката техника можеше да дојде повеќе до израз во поповолна материјална снабденост на авторите, покрај онаа школска подготовка која се јавува како една од основните потреби. Зафаќањето по цврсти рамноправни позиции на овој изразен медиум се projави со последната заедничка изложба на **Драган Биков** и **Димитар Малиданов.** На оваа изложбе застапен вториот автор кој е секогаш готов да презентира нешто ново и индувајќи се да ја урамнотежи раздвижената линија—вертикала со укомпонираните флореални и фолклорни елементи.

**СКУЛПТУРАТА Е ЗАСТАПЕНА, КАКО СО ПОСОВРЕМЕНИ,** така и со класични проседеа.**Пано Ангушев** негува апстрактна форма со некаква „подвижност" и оптички ефект. **Петар Хаџи Бошков** изложи интересни студии во теракота, во кои доаѓа до израз прочистен пластичен третман на воопштени форми, потсетувајќи на сегментите од неговата графика. Поцелосниот и продлабочен израз на својата скулптура се истакнува **Стефан Маневски,** со присутните својства на сакралност и едновремено техницизираност во неа. Модерна скулптура работи и **Богдан Мусовиќ** чии поедноставени форми треба да делуваат оптички и со својата боја. **Стојан Петровиќ** немирно го поставува контрастот на материјалот и значењето на формите кои произлегуваат од него. Симболичната скулптура во метал на **Насо Бекаровски** е носител на годинашнава награда „Нерешки мајстори". Меѓу уметниците кај кои човечката фигура зема главно место на пластичниот инте-